Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден __.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници вработени во ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници вработени во ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година, со арх.бр.01-93/3 од 21.05.2026 година.

2.Согласно Одлуката, вредноста на бодот за исплата на плати на административни службеници вработени во ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година, изнесува 81,6 денари.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес на ден 21.05.2026 година до Претседателот на Совет на Општина Велес, доставено е Барање со арх.бр. 09-2504/1 за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници вработени во ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година, со арх.бр.01-93/3 од 21.05.2026 година.

Согласно член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25): „Основачот на јавното претпријатие дава согласност на: Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

ПАРК - СПОРТ ВЕЛЕС

*Јавно претпријатие „ПАРК – СПОРТ И ПАРКИНЗИ “*
*Велес*

*ул. Алексо Демниевски бр.10, 1400 Велес*

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно

Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 21-05-2026
09-2504/1 2

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 11-941/1
21.05 2026 год.
ВЕЛЕС

До ***г-дин Даниел Јаневски***

Претседател на Совет на Општина Велес

**ПРЕДМЕТ:** *Барање,*

*Почитуван г-дин Јаневски,*

Согласно одредбите на Статутот на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, како и Законот за локална самоуправа и Законот за јавни претпријатија, во прилог Ви ги доставуваме на усвојување и давање согласност на:

1. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година

Доставено до:
- Совет на Општина Велес
- Архива на ЈП

**ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**
**ВД Директор,**
Златко Стојковски

*Тел/факс 043 212 911 и 212 913 е-маил: ipssoparksportveles@gmail.com*
*ЕДДБ – МК 4004005117860, жиро с-тка: 240290120799207*
*Уни банка АД Скопје*

*Јавно претпријатие „ПАРК – СПОРТ И ПАРКИНЗИ“ Велес*

*ул. Алексо Демниевски бр.10, 1400 Велес*

ПАРК - СПОРТ ВЕЛЕС

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 01-93/2
21.05.2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 37-ц од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 65/19 и „Службен весник на РСМ“ 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), член 83 став 3 и 4 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, ,142/16, и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 39 став 1 алинеа 9 од Статутот ја ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со бр.01-51/1 од 03.04.2020 година, Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес на ден 21.05.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година

### Член 1

Вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници за 2026 година изнесува 81,6 денари.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на допнесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Велес.

**Претседател на управен одбор**
**Мартин Ефремов**

Јавно претпријатие ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ ВЕЛЕС

**Доставено до:**
- Градоначалник на Општина Велес;
- Претседател на Совет на Општина Велес;
- Управен одбор на ЈП„Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
- Архива.

*Тел/факс 043 212 911 и 212 913 е-маил: ipssoparksportveles@gmail.com*
*ЕДДБ – МК 4004005117860, жиро с-тка: 300270000045176*
*Комерцијална банка АД Скопје*